**Одлука бр.3**

Управниот одбор наТениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на ден 19.12.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за определување на висината на таксата**
**за годишна регистрацијата на натпреварувачи во 2023 година**

**Член 1**

За годишна регистрација, за 2023 година, секој натпреварувач или неговиот клуб е должен да плати такса на ТФСМ во износ од:

- За натпреварувачи во категорија 12, 14, 16 и 18 години и мажи и жени – 1.000,00 денари.

**Член 2**

ТФСМ на секој натпреварувач кој ќе плати такса за годишна регистрација за 2023 година ќе го евидентира во електронската евиденција на ТФСМ и натпреварувачот ќе се стекне со право да се натпреварува на турнирите/натпреварите од календарот на ТФСМ за 2023 година.

**Член 3**

Секој натпреварувач кој ќе прави пререгистрација, односно кој ќе премине од еден во друг клуб ТФСМ ќе ја направи промената и ќе го евидентира во електронската евиденција под вториот клуб за остатокот од тековната година, и истиот или неговиот клуб е должен да плати нова такса во висина определена во член 1.

**Член 4**

Секој натпреварувач кој ќе премине од детски тенис во натпреварувачки тенис во тековната година, треба да доплати такса во износ од 500,00 денари.

**Член 5**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2023 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2022 година